


















# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# СДСМ СЕ ЗАПЛЕТКА ВО ЛАГИТЕ -КАРПОШАНИ ГИ „ПРОЧИТАА“

Најголемите лажговци на политичката сцена во Македонија, Социјалдемократскиот сојуз предводени од Бранко Црвенковски и Зоран Заев не престанаа да се занимаваат со кражби. Овој пат, измислија кражба на зеленилото во Карпош. Наводно, Општината ќе им го украла зеленилото и дрвјата на граѓаните и тоа, ни помалку ни повеќе, преку урбанистички план?!

За волја на вистината, дел од Карпош 4 има урбанистички план усвоен на 13 07. 2012 година и потпишан од претседавачот на Советот на Карпош, член на СДСМ - Трифун Трифуновски. Овој план кој сега го критикуваат ги презеде истите решенија од оние што ги изгласал и потпишал СДСМ како мнозинство во 2012 година.

Значи ли ова дека самите се посипуваат со пепел, и потврдуваат дека тогаш тие на граѓаните им го краделе зеленилото?

На лагите на СДСМ граѓаните не им веруваат. Преку најновото фијаско на советничката група на СДСМ во Советот на Карпош, на денешната конференција за печат, самите си го признаа дебаклот и немоќта затоа што неможат да ги соберат потребните потписи од жителите на Карпош 4 и нивната „иницијатива“ паѓа во вода. Да ги потсетиме дека граѓаните на Карпош уште еднаш ги потсетија дека поддржуваат идеи и проекти, и дека веќе лесно препознаваат СДСМ-овски манипулации затскриени зад плаштот на граѓанството.

# КАРПОШ-ПРИМЕР ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА ВО ДРЖАВАТА

Општина Карпош како прва општина членка на EHEDG на светско ниво, треба да биде пример за останатите општини од Градот Скопје и Република Македонија во делот за имплементација на хигиенското инженерство. Таа, со членството во Европската групација за хигиенско инженерство и дизајн, докажа дека целосно се грижи за потребите и подобри услови за младите карпошани. Работната средба, која денес беше одржана во просториите на локалната самоуправа во Карпош, а беше организирана од страна на аудиторот за контрола и безбедност на храна при Општина Карпош, м-р Ирена Калајџиева-Милевска и претседателот на Регионалната селекција, Владимир Какуринов, пред присутните општини, Сарај, Аеродром и Карпош, беше повод да се говори за контролата и безбедноста на храната како и нејзино менаџирање во локалните власти и компаниите.

На средбата особено беше ставен акцентот на хигиенскиот дизајн, кој е основен и законски предуслов за производство на квалитетна и безбедна храна, всушност што е дел и од регулативата на Европската унија, а под директна сугестија на EHEDG.

-Контролата и безбедноста на храната е главен приорирет за здравјето на најмладите наши сограѓани, односно за контролата на храната во градинките и во основните училишта. Токму од тој аспект, поврзаноста со законските регулативи на европско ниво и нашите во Македонија, е клучно за да можеме да функционираме во тој сегмент, како би се формирале здрава и напредна младина. Присутните општини ги информиравме за нашето четиригодишно искуство со членството во оваа организација и што се́ Општина Карпош направи на ова поле, изјави во својата презентација м-р Ирена Калајџиева Милевска, стручно лице на Општина Карпош за безбедност на храна. Таа, во оваа пригода ја презентираше четиригодишна "биографија" на Карпош како членка на македонската регионална секција на EHEDG, членка на Европската групација за хигиенско инженерство и дизајн, како и својот научен труд на тема „Хигиенскиот дизајн на опремата во функција на безбедност на храна во детските градинки во Општина Карпош".

Инаку, локалната самоуправа, преку членството во EHEDG, е во соработка со корпороации како што се : Нестле, Унилевер, Кока Кола, Тетрапак, Свислион и многу други.

# „ОД ЦВЕТ НА ЦВЕТ СО ОРО И ПЕСНА“ ПО 19-ТИ ПАТ

Во рамките на 19-то издание на Меѓународниот фолклорен детски фестивал „Од цвет на цвет со оро и песна“, изминатиот викенд се одржаа фестивалските вечери. На културната манифестација учествуваа ансамбли од Република Македонија, каде над 300 деца играорци ги презентираа знаењата стекнати во културните уметнички друштва. Организаторот, Бранко Јовевски, изрази задоволство што веќе 19 години без престан Општина Карпош е покровител на традиционаланта манифестација и кој се надева ќе продолжи да го поддржува овој фестивал.

-Благодарност до Општина Карпош за поддршката и помошта при реализирање на фестивалот. Голема е заинтересираноста на децата за посета на уметничи друштва и запознавање со фолкот во Македонија. Се надевам тоа така и ќе продолжи.

Догодина, Младинското културно уметничко друштво „Цветан Димов“ во соработка со Општина Карпош и Министерството за култура на Република Македонија, ќе го организираат јунилејниот реномиран Меѓународен фолклорен фестивал „Од цвет на цвет со оро и песна“.

# ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ОД КАРПОШ НАГРАДЕНИ ЗА СОБРАНИ ПЛАСТИЧНИ ШИШИЊА

Општина Карпош, како прва општина со која Пакомак започна да соработува, може да се пофали со високи "еко" резултати стекнати во изминатите години. Така, меѓу првите места за најмногу собрани пластични шишиња е ООУ „Јан Амос Коменски" од Карпош, второто место за ООУ "Христијан Тодоровски Карпош" и третото место на собрани шишиња е ООУ „Вера Циривири Трена". Оваа година, за најдобрите училишта на ниво на Град Скопје обезбедени се вредни награди, во знак на мотивација и што поголеми резултати во иднина.
Со ова се покажа дека основните училишта на територија на Општина Карпош знаат како треба да ја сочуваат животната средина. Друштвото за управување со пакување и отпад од пакување „Пакомак", на средбата, информираа дека и оваа учебна година 2015/2016, акцијата за собирање пластични пет шишиња ќе продолжи, со цел подигање на хигиената во училиштата и успешно реализирање на еколошката акција.
Друштвото за управување со пакување и отпад од пакување „Пакомак", кон крајот на август, направи испорака на течен сапун во сите училишта согласно месечните потреби.



# ЗАБАВА И ДРУЖЕЊЕ НА „ЕМ УМЕАМ, ЕМ МОЖАМ“

Пред неколку илјади граѓани, во понеделникот (03.10), српската група САРС, го заокружи 13-то издание на манифестацијата „Ем умеам ем можам“. Во организација на Секторот за развој при Општина Карпош, се одржа познатиот саемски настан во кој граѓаните на Карпош но и од целиот град, уживаа од 12 часот па се до 22.30 часот.

во понеделникот граѓаните можеа да бидат “сведоци“ на богата музичка програма како и голем број изложени тезги на македонски производи од млечната, месната и кондиторската индустрија. Истата беше и продажна, каде освен производите од преработувачката индустрија, беа презентирани и изработени дела од вештите раце на ракотворците. Раководителката на Секторот за развој, Евантија Стојановска, изрази огромно задоволство од присутноста на граѓаните и секако, заинтересираноста на бизнис-секторот, за учество на овој популарен саемски настан на Општина Карпош.



-Оваа година навистина имаме „море“ од учесници кои што беа дел од овој голем настан. Се надевам дека од година во година учеството ќе биде се поголемо, бидејќи ја препознаваат оваа манифестација како бренд на Општина Карпош. И покрај тоа што имаме исти учесници кои не почестија со учество и порано, оваа година, можам да се пофалам дека манифестацијата ни ја збогатија и уште 10-тина фирми кои прв пат се претставуваат, и тоа македонски производители од различна дејност.

Целта на манифестацијата беше зближување на граѓаните и запознавање со македонските производители од млечната и месната индустрија, како и промоција на конкурентноста на бизнис-секторот од Општина Карпош, но и од цела Македонија.

Пригодно обраќање имаше претседателот на Советот на Општина Карпош, Сашо Лазаревски кој ја поздрави иницијативата за постоењето на оваа манифестација која е препознатлив бренд за Општината.

-Ќе продолжиме со ова темпо и во иднина, односно ќе организираме настани од ваков тип, бидејќи на тој начин граѓаните имаат каде да се забавуваат и пред се, да се дружат. Ова е еден мал, но вреден саем кој го организира Општина Карпош во соработка со ТЦ „Скопје Сити Мол“. Денес можевме да посетиме голем број продажно-изложбени штандови, која шанса ја искористија илјадници граѓани. Да напоменам дека преку целиот ден имаше богата музичка програма, како за најмладата популација така и за повозрасните. Вечерта ја заокруживме со концерт на реномираната група С.А.Р.С.

Оваа традиционална и етаблирана манифестација е дел од низата познати забавни настани кои ги организира Општина Карпош. Огромната посетеност е само доказ дека локалната самоуправа знае како да се грижи за добрата забава на граѓаните.









